Уп. Бр.08-145/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 15.11.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на контрола од страна на АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Маркљева улица 2А, 8000 Ново место, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 27.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., преку АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о. ќе стекне контрола над А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Маркљева улица 2А, 8000 Ново место, Словенија. Предмет на концентрацијата е стекнување на 51.00% од уделот, а со тоа  и 51.00% од гласачките права во друштвото А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта д.о.о. преку купување удели од АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., преку друштвото за посебна намена АЛПЕ В д.о.о..

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д.** е приватен капитален фонд и е независен фонд за приватен капитал со инвестициски потенцијал од околу 70 милиони ЕУР. Фондот се фокусира на инвестирање во развој кај иновативни и брзорастечки мали и средни претпријатија од прва класа и средни капитали основани или кои го водат својот бизнис претежно во Словенија и во Хрватска. Регистрирана дејност на Друштвото е: дејност на старателски и други фондови и други финансиски ентитети.

АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д. работи во рамките на Словенечката инвестициска програма за капитален раст (The Slovene Equity Growth Investment Programme “SEGIP“). Станува збор за програма на сопственичко инвестирање во износ од 100 милиони ЕУР, која СИД банка и Европскиот инвестициски фонд (EIF) ја основале во ноември 2017 година.

Целта на програмата е сопственичка поддршка на словенечките иновативни и брзорастечки мали и средни претпријатија, mid-cap фирмите со до 3000 вработени и

отворање на нови работни места во Словенија. Програмата е поддржана од Европскиот фонд за стратешки инвестиции (EFSI), кој претставува јадро на Инвестицискиот план за Европа.

Алфи Групата има регистрирано присуство во Република Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано во собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии и
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно во трговија на големо со друга стока за домаќинства.

**А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о.** во рамките на своите активности има аптека во која издава и продава лекови за мали и големи животни, потоа амбуланта за мали животни, како и нудење услуги за домашни животни.

А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о. нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**